Врз основа на член 387 од Законот за трговски друштва како и членовите 28 и 31 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп (во понатамошниот текст само “Друштвото”), Одборот на Директори на

МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп
до акционерите на Друштвото објавува:

ПОВИК
За учество на седница на Собрание на Друштвото

Седницата на Собранието на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, **ќе се одржи на ден 21 ноември 2014 година (петок), со почеток во 16:00 часот**, во седиштето на Друштвото на ул. Крушевски пат бб во Прилеп, со следниот

ДНЕВЕН РЕД

А. Процедурален дел:

- Избор на претседавач со Собранието;
- Верификација на список на пријавените акционери и констатирање на кворумот за работа;
- Усвојување на записникот од претходната седница од годишното собрание на Друштвото;
- Избор на записничар и заверувачи на записникот.

Б. Работен дел:

- Одлука за распределување на акумулирани добивки остварени до 31 декември 2013 година и резерви настанати пред 2009 година;

Во врска со Одлуката за распределување на акумулирани добивки остварени до 31 декември 2013 година и резерви настанати пред 2009 година, се предлага следниот девиденден календар:

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 02 декември 2014 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 03 декември 2014 година.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 05 декември 2014 година.

Исплатата на дивидендата ќе започне на 09 декември 2014 година и ќе се изврши најдоцна до 31 декември 2014 година.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието (**пријава за учество на Собранието**) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават до Друштвото – Правна служба.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото **www.mermeren.com**

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 7 ноември 2014 година (петок), а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото **www.mermeren.com**

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во Правната служба на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото **www.mermeren.com**

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ